Бр: 03-15/2
Скопје: 15.01.2024

Врз основа на член 28 став (5) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 15.01.2024 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Предлог – Законот за социјални претпријатија, доставен од страна на Министерството за труд и социјална политика под број 08-7619/2 од 28.11.2023 година (Наш бр. 03-186/1 од 19.12.2023 година) и по однос на истиот го наведува следното:

Во точката 4 од Меморандумот на прашањето: дали материјалот содржи елементи на државна помош, е одговорено со НЕ. Укажуваме на фактот дека според законодавството за државна помош Комисијата за заштита на конкреунцијата е надлежна за оцена дали одредена економска мерка претставува државна помош.

Предлог – Законот за социјални претптијатија предвидува два вида на социјални претпријатија (социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање и социјално претпријатие за работна интеграција) како и мерките за поддршка кон ваквите претпријатија предвидени во членовите 23, 25, 30, 32 став (4), 33, 34, 35 став (2) и (3) и член 37 односно финансиската поддршка и даночните ослободувања.

Спроведувањето на обуката и практичната работа кај социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање за лицата од социјално ранливи групи (член 24 – 26 од Предглог – Законот) според Комисијата за заштита на конкуренцијата треба да се имплементира земајќи го предвид законодавството за државна помош односно членовите 34-36 (Обука) од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14). Во горенаведената Уредба се предвидени услови за доделување на помош за обука односно е предвиден различен интензитет на помош во зависност од тоа дали станува збор за посебна или општа обука односно дали станува збор за обука која се дава на невработени лица кои активно барат работа како и различен интензитет на помош во зависност од тоа дали станува збор за мало или средно претпријатие. Исто така се одредуват и кои се оправданите трошоци при доделување на помош за обука.

Активностите кои ги спроведува социјалното претпријатие за работна интеграција односно вработување на лица од социјално ранливи групи како и мерките за поддршка кои се предвидуват согласно член 32 став (4) од Предлог – Законот, според Комисијата за заштита на конкуренцијата таквата финансиска поддршка треба да се доделува согласно законодавството за државна помош односно членовите 29-33 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14). Според Комисијата за заштита на конкуренцијата можноста која се дава согласно член 32 (4) од Предлог – Законот за социјални претпријатија (субвенција за плата во првите 6 месеци во висина од 100% и во наредните 6 месеци

во висина од 50% од минималната плата) не е во согласност со членот 30 од горенаведената Уредба каде се предвидува помошта да не надминува 50% од оправданите трошоци за период од најмногу 12 месеци по вработувањето односно од најмногу 24 месеци ако станува збор за помош која се доделува на невработено лице кое активно бара работа. Исто така, во член 3 точките 17-20 од горенаведената Уредба се дадени дефинициите „невработено лице кое активно бара работа„ , „лице кое особено тешко се вклучува на пазарот на трудот„, „инвалидизирано лице„ и „заштитничко вработување„.

Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на обврската на Министерството за труд и социјална политика, после усогласувањето на текстот на Предлог – Законот според наведените забелешки во ова Мислење, да постапи согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10) односно да достави финална верзија од Предлог – Законот, со цел истиот да се разгледува и оценува од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата со донесување соодветно решение. Заедно со Предлог – Законот за социјални претпријатија треба да се достави и Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија, предвидена во овој Предлог – Закон.

Известувањето за планирано доделување помош треба да се достави на Образецот даден во Прилог I од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11)

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. д-р Владимир Наумовски**